**Влада на Република Македонија**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Врз основа на член 101 став (2) од Законот за земјоделство и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12 и 15/13) и членовите 5 и 12 став (2) од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 06/13), Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува,

# Ј А В Е Н  П О В И К
# за техничка поддршка за учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Се објавува јавен повик за доставување на предлог за користење на техничка поддршка за патни и дневни трошоци на учесниците-изложувачи на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи (во понатамошниот текст: предлог за користење).

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО ПОСТАПКАТА

Корисници на техничката поддршка се учесници/изложувачи на саемска манифестација. Право на учество на јавниот повик за доставување на предлог за користење имаат земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистер на земјоделски стопнатва (ЕРЗС) при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст Министерство), преработувачи на земјоделски производи регистрирани согласно Законот за безбедност на храна, здруженија на земјоделски производители и/или здруженија на преработувачи на земјоделски производи регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, стопанските комори основани согласно закон, задруги регистрирани согласно Законот за задругите за вршење на земјоделска дејност и/или за трговија со земјоделски производи.

## III. ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ПОНУДУВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ДА ЈА ДОСТАВИ

Учесниците на јавниот повик за техничка поддршка за патни и дневни трошоци на учесниците-изложувачи на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи задолжително се должни да достават:
1. Податоци за предлагачот.
2. Назив и резиме на предлогот за користење.
3. Опис на предлогот за користење (опис на постоечки состојби, поставени цели, очекувани резулатати).
4. План на активности со временска рамка за реализација на предлогот по активности и методологија за нивна реализација.
5. Финансиски план со трошоците, временска рамка за нивно настанување и извори на финансирање.
6. Влијание на предлогот во смисла на понатамошна одржливост на активноситите, целна група односно опис на директни и индиректни корисници на резултатите од активноста, понатамошна примена на резултатите и очекувани ефекти за корисниците.

Придружна документација кон предлогот:
1. Тековна состојба од Центарален регистар на Република Македонија,
2. Изјава од одговорното лице за веродостојност на податоците од предлогот (според упатството).

3. За апликантите правни лица: Потврда за евиденција во ЕРЗС (ако се занимаваат со примарно земјоделско производство); Доказ од Централен регистер дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка; и доказ од Управа за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки.
4. За здруженија и стопански комори: Годишна програма за работа со вклучени активности од предлогот усвоена согласно статутарните акти.

Потребната документација се доставува во оригинален примерок или фотокопија заверена кај нотар.

## IV. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Предлогот за користење за учество на јавниот повик се доставува во еден оригинален примерок потпишан од понудувачот. Еден ист предлагач може да учествува на јавниот повик само за една саемска манифестација.

Предлозите за користење се поднесуваат во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на јавниот повик во дневниот печат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предлозите кои не се предадени во предвидениот рок, како и оние кои не се изготвени според поблиските критериуми од јавниот повик нема да бидат разгледувани.

Предлогот за користење и другата документација се доставуваат во затворен коверт на кој во горниот лев агол треба да стои ознака „Не отварај за јавен повик"... „ Предлог по јавен повик за техничка поддршка за патни и дневни трошоци на учесниците-изложувачи на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи и во средината „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство", улица „Аминта Трети“ број 2, Скопје.

Ковертот не треба да содржи никакви други ознаки со кои би можел да се идентификува понудувачот односно испраќачот.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ.

Комисијата формирана од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врши избор на најповолен понудувач врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови утврдени во член 14 став (2) од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 06/13):

| Критериум | Бод |
|---|---|
| Реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството | 30 |
| Директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството | 15 |
| Здружување на корисниците на поддршка, јавно-приватно партнерство или други форми на партнерство со поголем број на корисници | 15 |
| Оддржливост по реализација на поддршката | 35 |
| Претходно искуство во реализација на активностите од значење за целната група на крајни корисници на поддршка | 15 |
| Сопствено или учество од други извори на финансирање | 10 |

Како прифатливи се предлозите кои после изборот од страна на Комисијата ќе освојат повеќе од 50 бода.

## VI. ВИСИНА И ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Максималниот износ на горенаведената техничка поддршка е до 50.000,00 денари по учесник-изложувач, односо 150.000 денари по учесник за групно учество.

Висината на одобрената поддршка ќе биде дефинирана со договори потпишани од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со избраните корисници на техничката поддршка врз основа на записник за избрани корисници од Комисијата.

Исплатата на поддршката може да се врши двократно и тоа: авансно 50% од одобрениот износ и 50% по завршување на активноста со достава на финансиски извештај.

Средствата ќе бидат обезбедени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

## VII. ПРИЛОЗИ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

За подготовка на предлогот за користење Министертвото објавува детално Упатство за изработка на предлогот за користење на техничка поддршка кое се наоѓа на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство www.mzsv.gov.mk.

## VII. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За дополнителни информации понудувачите може да се обратат до Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на телефон 02/31 34 477 или да ја посетат веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **www.mzsv.gov.mk.**

Бр.
13 мај 2013 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.